УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

# ПРИЛОГ 1б

# Специфични дескриптори на квалификациите стекнати со завршување на докторски студии (трет циклус) на студиската програма по метрологија

<table>
<tr><td colspan="2">Докторски студии – <u>Доктор на науки</u><br>Студиска програма – Метрологија<br>3 циклус, 3 години, 6 семестри, 180 ЕКТС-кредити - VIII</td></tr>
<tr><td>Квалификација</td><td>Дескриптори на квалификациите</td></tr>
<tr><td>Знаење и разбирање</td><td>Се одликува со успешно усвоени знаења и надградени вештини од областа на метрологија.<br>Има систематски и креативен пристап кон решавање на постојните предизвици во метрологијата.<br>Се одликува со усовршени знаења за справување со сите инженерски, еколошки, енергетски и менаџерски практични проблеми.<br>Се одликува со надградени знаења за оптимална примена на метрологијата во производството, за постојано подобрување на квалитетот, проследено со свесно и одговорно однесување кон зачувување на животната средина, а стекнатите знаења ги применува со тенденција за постигнување на висок квалитет на производите и услугите.</td></tr>
<tr><td>Примена на знаењето и разбирањето</td><td>Стекнатите вештини и знаења успешно ги применува во:<br>- Експертско решавање на задачи и проблеми од областа на научната, индустриската и законската метрологија;<br>- Водење научни и развојни истражувања во областа на метрологијата;<br>- Проектирање на нови производи и нови технологии;<br>- Управување и проектирање на метролошки системи;<br>- Способност за управување со квалитетот;<br>- Способност за генерирање на иновативни пристапи во метрологијата;<br>- Решавање на практични проблеми со употреба на научни метролошки методи и постапки;<br>- Вршење на консултантски услуги поврзани со метрологија;<br>- Способност за поврзување на теоретските знаења со нивна практична примена во изучувани области за инженерските процеси во компаниите;<br>- Владеење на истражувачки методи и способност да ги применат во пракса.</td></tr>
<tr><td>Способност за проценка</td><td>Покажува високо развиени и усовршени способности за успешна метролошка анализа и проценка.<br>Се одликува со проверени и докажани сопсобности за проценка на квалитетот.<br>Успешно квалифициран за избор на адекватни методологии на истражување, со примена на стекнатите теоретски и практични знаења.<br>Оспособен соодветно да ги толкува резултатите од научните и практичните истражувања и да изврши реална проценка за нивна примена во метролошката практика.<br>Се одликува со високостручна оспособност за правилна</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | проценка во производните услови и со способност за донесување на правилни одлуки во вонредни ситуации.<br>Оспособен за следење, сопствено толкување и надградување на сите легални, етички, професионални и организациски процедури и кодекси. |
| **Комуникациски вештини** | Постигнува забележителен напредок во комуникациските вештини, особено во:<br>- Усовршување на лични комуникациски вештини и на интерперсонални комуникациски способности,<br>- Создавање на постојано добра комуникација со средината и нејзино надградување,<br>- Надминување и елиминирање на можни конфликти во интерперсоналните релации,<br>- Способноста за остварување оптимална соработка во тимските и групните активности,<br>- Развиток на преговарачки вештини, со цел успешно да ги примени во деловните средини,<br>- Успешна примена и развој на етички аспекти на комуникацијата со колегите,<br>- Надградување на способноста за професионална комуникација со претставници од различни нивоа на управување во работната организација.<br>- Лична одговорност во однесувањето кон природното опкружување и животната средина. |
| **Вештини на учење** | Успешно владее со најновите достигнувања од својата област и пошироко - од областа на метрологијата и други сродни научни области.<br>Се одликува со практични чекори за следење на најновите научни сознанија од соодветната област на метрологијата.<br>Перманентно го следи развитокот на научни достигнувања во метрологијата, преку специјализации, стручни курсеви и семинари и успешно ги применува во метролошката практика. |